# П Р О Т О К О Л

## - ОДРЖУВАЊЕ НА ГОДИШНОТО АКЦИОНЕРКО СОБРАНИЕ НА ПЕКАБЕСКО АД ВО ПОГЛЕД НА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕТО И ШИРЕЊЕТО НА КОРОНАВИРУСОТ COVID-19-

1.Годишното Акционерско собрание на ПЕКАБЕСКО АД Кадино ќе се одржи на 10 Септември 2020 година во 14:00 часот во летната тераса во ПЕКАБЕСКО АД (доколку се користи лифтот ќе треба да се притисне 3 спрат а доколку се оди по скали треба да се качи на терасата која се наоѓа најгоре во управната зграда).

Сите присутни акционери и други учесници во истото задолжително треба да ги почитуваат и спроведат следниве заштитни мерки:

**-при пристигање во Душтвото задолжително е мерење на телесната температура и дезинфекција на раце на главната капија;**

**-при пристигање во Друштвото задолжително е пополнување на Прашалник за евалуација на здравствената состојба(Коронавирус) на лицата кои престојуваат во просториите на ПЕКАБЕСКО АД;**

**-забрането е користење на лифтот во управната зграда на повеќе од 1 лице истовремено односно истиот може да се користи само еден по еден со притискање на копчето 3 спрат;**

**-Акционерите и учесниците кои го пријавиле своето учество пред почетокот на собранието истите ќе седат на столица на кое е обележано нивното име, а доколку не е пријавено нивното учество истите ќе седат на столица на која нема име;**

**-одржување на задолжително физичко растојание на учесниците од минимум 2 м2;**

**-учесниците задолжително да носат заштитна маска од типот N-95 во текот на целото собрание која ќе им биде дадена од Друштвото при влезот во истото;**

**-да ги почитуваат општите мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена а кои подразбираат зачестено миење на раце или употреба на дезинфекциско средство за раце на база на алкохол и одржување на респираторна хигиена;**

**-за време на паузите или на самиот тек на собранието се забранува групирање на присутните на не повеќе од 5 лица со задолжително одржување на физичко растојание ;**

**ПЕКАБЕСКО АД**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**